РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УПРАВЕН СУД
СКОПЈЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SE VERIUT
GJYKATA ADMINISTRATIVE
SHKUP

Су-01.бр.0102-1/2024
02.01.2024 година

# РАСПОРЕД ЗА РАБОТА НА УПРАВЕН СУД ЗА 2024 ГОДИНА

– за Претседателот на Судот и судиите –

Скопје, јануари 2024 година

Претседателот на Управен суд, m-r Burim Sejdini, согласно со член 88 од Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија“ бр.58/2006, 35/2008, 150/2010 и 96/19) и член 112 и 174 став 4 од Судскиот деловник („Службен весник на Република Македонија” бр.66/2013 и 114/2014), по претходно одржана седница на судии на 27.12.2023 година, го донесе следниот:

## РАСПОРЕД ЗА РАБОТА НА УПРАВЕН СУД ЗА 2024 ГОДИНА

**– за претседателот на судот и судиите –**

**I**

Претседател на Управен суд е Бурим Сејдини.

За заменик на претседателот на Управен суд, се определува судијата Марта Телегравчиска.

Заменикот на претседателот на Судот, освен редовната судиска работа, ќе го заменува Претседателот во случај на негово отсуство или спреченост да ја извршува својата функција.

**II**

### СПЕЦИЈАЛИЗИРАНИ СУДСКИ ОДДЕЛИ

Во Управен суд се формирани 4(четири) специјализирани судски оддели.

Работата по предметите во Управен суд, се одвива во следните специјализирани судски оддели:

**II.I СПЕЦИЈАЛИЗИРАН СУДСКИ ОДДЕЛ ЗА ИМОТНО–ПРАВНА ОБЛАСТ, ДЕНАЦИОНАЛИЗАЦИЈА, УРБАНИЗАМ, ГРАДЕЖНИШТВО И ДРУГИ СРОДНИ ПРАВА (предметите од имотно – правната област се евидентираат во Уписникот „У-1“, предметите од областа на денационализација, урбанизмот, градежништвото и други сродни права се евидентираат во Уписникот „У-2“ и „У-3”, а другите предмети соодветно се евидентираат во уписниците „УПР“, „УРП“, „УСПИ“, “УПРК” и „УИ“)**

1. За претседател на специјализираниот судски оддел за имотно-правна област, денационализација, урбанизам, градежништво и други сродни права, се распоредува судијата Анета Џигерова.

2.Во рамките на овој оддел се формираат два совета за имотно - правна област, денационализација, урбанизам, градежништво и други сродни права.

Во првиот совет се распоредуваат судиите: Лулзим Салиу, Дрита Мемети и Снежана Трповска, при што секој од наведените судии при постапувањето и одлучувањето на

предметите кои им се распределени во работа, ќе постапува и одлучува како претседател на совет, а останатите судии како членови на советот.

Во вториот совет, се распоредуваат судиите: Весна Јовановска, Габријела Михајловска, Елеонора Хамулиќ Ајро и Анета Џигерова, при што секој од наведените судии при постапувањето и одлучувањето на предметите кои им се распределени во работа, ќе постапува и одлучува како претседател на совет, а останатите судии како членови на советот. Судијата Анета Џигерова, своите предмети ќе ги постапува и одлучува на местото на судијата Елеонора Хамулиќ Ајро.

3. Во случај на поднесена тужба за повторување на постапката, постапува судијата известител кој постапувал по иницијално поднесената тужба, независно од основот на тужбата, се до правосилно окончување на постапката по тужбата за повторување на постапката, во советите утврдени како во точка 1 и точка 2 од Глава II Подглава II.I од овој Распоред.

**II.II СПЕЦИЈАЛИЗИРАН СУДСКИ ОДДЕЛ ЗА ПЕНЗИИ, ПРАВА ОД ПЕНЗИСКО И ИНВАЛИДСКО ОСИГУРУВАЊЕ, ЦАРИНИ, КОНЦЕСИИ, ЈАВНИ ПРИВАТНИ ПАРТНЕРСТВА И ДРУГИ СРОДНИ ПРАВА (предметите од обласста на пензиите, правата од пензиско и инвалидско осигурување и други сродни права се евидентираат во Уписникот „У-4“, а другите предмети соодветно се евидентираат во уписниците „УПР“, „УРП“, „УСПИ“, “УПРК” и „УИ“. Предметите од обласста на царини, концесии, јавни приватни партнерства и други сродни права се евидентираат во Уписникот „У-6“, а другите предмети соодветно се евидентираат во уписниците „УПРЦ“, „УПР“, „УРП“, „УСПИ“, „УПРК“ и „УИ“)**

1.За Претседател на специјализираниот судски оддел за пензии, права од пензиско и инвалидско осигурување, царини, концесии, јавни приватни партнерства и други сродни права, се распоредува судијата Рамије Цара.

2.Во рамките на овој оддел се формира совет за пензии, права од пензиско и инвалидско осигурување и други сродни права, во кој се распоредуваат судиите: Лидија Ивановска, Едита Насковска и Газменд Фејзуљи.

3.Во рамките на овој оддел се формираат два совета за царини, концесии, јавни приватни партнерства и други сродни права.

Во првиот совет се распоредуваат судиите: Марта Телегравчиска, Рамије Цара и Ѓоко Живковски, при што секој од судиите при постапувањето и одлучувањето на предметите кои им се распределени во работа, ќе постапува и одлучува како претседател на совет, а останатите судии како членови на советот.

Во вториот совет, се распоредуваат судиите: Дитурије Елези Незири, Ана Герасимовска и Даниела Антовска, при што секој од судиите при постапувањето и одлучувањето на предметите кои им се распределени во работа, ќе постапува и одлучува како претседател на совет, а останатите судии како членови на советот.

4. Во случај на поднесена тужба за повторување на постапката, постапува судијата известител кој постапувал по иницијално поднесената тужба, независно од основот на

тужбата, се до правосилно окончување на постапката по тужбата за повторување на постапката, во советите утврдени како во точка 2 и точка 3 ог Глава II Подглава II.II од овој Распоред.

**II.III СПЕЦИЈАЛИЗИРАН СУДСКИ ОДДЕЛ ЗА ФИНАНСИСКИ ПРАШАЊА И ДРУГИ СРОДНИ ПРАВА (предметите од областа на финансиските прашања и други сродни права се евидентираат во Уписникот „У-5“, а другите предмети соодветно се евидентираат во уписниците „УПРД“, „УПР“, „УРП“, „УСПИ“, „УПРК“ и „УИ“)**

1.За претседател на специјализираниот судски оддел за финансиски прашања и други сродни права, се распоредува судијата Валентина Конеска.

2. Во рамките на овој оддел се формираат три совети.

Во првиот совет се распоредуваат судиите: Валентина Конеска, Билјана Никодиновска Петровска, Александар Чичаковски и Елизабета Васкова, при што секој од судиите при постапувањето и одлучувањето на предметите кои им се распределени во работа, ќе постапува и одлучува како претседател на совет, а останатите судии како членови на советот. Судијата Елизабета Васкова, своите предмети ќе ги постапува и одлучува на местото на судијата Александар Чичаковски.

Во вториот совет се распоредуваат судиите: Есма Алибашиќ Јонуз, Тања Терзиева и Благородна Аранѓелова, при што секој од судиите при постапувањето и одлучувањето на предметите кои им се распределени во работа, ќе постапува и одлучува како претседател на совет, а останатите судии како членови на советот.

Во третиот совет се распоредуваат судиите: Виолета Богојевска, Ељмедине Асани и Имсале Хасани, при што секој од судиите при постапувањето и одлучувањето на предметите кои им се распределени во работа, ќе постапува и одлучува како претседател на совет, а останатите судии како членови на советот.

3. Во случај на поднесена тужба за повторување на постапката, постапува судијата известител кој постапувал по иницијално поднесената тужба, независно од основот на тужбата, се до правосилно окончување на постапката по тужбата за повторување на постапката, во советите утврдени како во точка 2 Глава II Подглава II.III од овој Распоред.

**II.IV СПЕЦИЈАЛИЗИРАН СУДСКИ ОДДЕЛ ЗА СУДСКА ПРАКСА**

За претседател на специјализираниот Судски оддел за судска пракса се распоредува судијата Марта Телегравчиска.

За Претседател на Советот за судска пракса се распоредува судијата Исмета Амет.

За членови на Одделот за судска пракса се распоредуваат Претседателот на советот за судска пракса, судијата Исмета Амет и Претседателите на останатите три специјализирани судски оддели во Судот, во следниот состав: Анета Џигерова, Рамије Цара и Валентина Конеска.

## III

Претседателот на Управен суд, како судија на овој Суд, не постапува и не одлучува по предметите кои ќе се заведат во Управен суд, по тужби кои произлегуваат од одредбите на Изборниот законик, а имајќи ги во предвид утврдените обврски на Претседателот на Судот, согласно Законот за судовите, во поглед на организирање на работата на Судот и превземање на мерките за навремено и уредно вршење на работите во Судот. Горенаведеното произлегува и од обврските на Претседателот на Судот, утврдени согласно Судскиот деловник, по однос на одобрувањето за фотографирање, снимање во Судот и јавно прикажување, а особено во однос на навременето информирање на јавноста за работата на Судот во текот на постапката на заштита на избирачкото право.

## IV

1. Седниците на советите ќе се одржуваат по претходно утврден Распоред за судење, составен од координаторот на дактилобиро, а седниците по тужбите за повторување на постапката, по потреба. Судиите се должни да го почитуваат, утврдениот Распоред за судење и судењата да ги закажуваат во деновите утврдени со истиот.

2. Во случај на отсуство или спреченост за постапување на судија на совет од одреден оддел, замената на првиот член на советот ќе се врши на начин што ќе го заменува првиот член од следниот или претходниот совет од ист оддел, утврдени со овој Распоред. Вака утврдениот начин на замена ќе се применува и во случаите за замена на втор и трет член на советот.

Во случај на отсуство на вака утврдената прва замена, следната замената ќе се врши на начин што првиот член од советот ќе го заменува првиот член од третиот совет од ист или од друг оддел, по редослед на советите утврден со овој Распоред. Вака утврдениот начин на замена ќе се применува и во случаите за замена на втор и трет член на советот.

3. Во советите во кои се распоредени по четворица судии, во случај на отсуство или спреченост на некој судија како член на советот истиот ќе го заменува друг судија - член кој е присутен. Доколку, отсуствува или е спречен и другиот член, во тој случај, замената на судиите на советот, ќе се врши согласно точка 2 од Глава IV од овој Распоред.

## V

Претседателите на оддели постапуваат по изјавени жалби по судските предмети на судии кои веќе не се во Управен суд (пензионирани, избрани во повисок суд, судии на кои им мирува функцијата во Управен суд, разрешени судии поради нестручно и несовесно работење и др.), како и по барањата кои се однесуваат на архивирани предмети на судии кои не се во Управен суд, а по кои предмети постапува одделот согласно Распоредот за работа на судот. Ваквото постапување ги опфаќа следните процесните дејствија:

- одобрување на барања за увид во предмет и за издавање на преписи;
- постапување по барања за исправка на судски одлуки и
- вложени правни лекови.

Претседателите на оддели ги архивираат предметите од својот оддел за секој судија кој веќе не е во Управен суд (пензионирани, избрани во повисок суд, судии на кои им мирува функцијата во Управен суд, разрешени судии поради нестручно и несовесно работење и др.).

По поднесен предлог за повторување на постапката, за правосилна одлука донесена од судија кој не е во работен однос во Управниот суд (пензионирани, избрани во повисок суд, судии на кои им мирува функцијата во Управен суд, разрешени судии поради нестручно и несовесно работење и друго), се постапува на начин што предметот оформен под бројот под кој е заведена иницијално поднесената тужба, се распределува на надлежен судија од соодветниот оддел/совет, по донесено решение на Претседателот на судот, заведено во "СУ" уписник, кој ја продолжува работата со предметот по поднесеното повторување.

Исправка на техничка грешка во судска одлука, по барање на странка или по службена должност, за одлука донесена од судија кој кој не е во работен однос во Управниот суд (пензионирани, избрани во повисок суд, судии на кои им мирува функцијата во Управен суд, разрешени судии поради нестручно и несовесно работење и друго), врши Претседателот на соодветниот оддел (во зависност од основот на предметот).

**VI**

Судијата кој е распореден да постапува во друг совет е должен да постапува и по сите изјавени жалби по одлуки донесени од истиот судија во советот во кој претходно бил распореден и постапувал. Воедно, судијата е должен да донесе и дополнителни одлуки по предметите по кои претходно постапувал, доколку тоа е потребно, како и да ги архивира предметите за кои бил судија известител.

Исправка на техничка грешка во судска одлука, по барање на странка или по службена должност врши судијата известител, кој постапувал по судскиот предмет и донел одлука по истиот, без оглед на одделот/советот во кој истиот во моментот е распореден и постапува.

За начинот на прераспределба на предметите на новораспоредените судии ќе се изработат посебни решенија за автоматска распределба на предмети заведени во „СУ" уписник, согласно одредбите од Судскиот деловник.

**VII**

## КАНЦЕЛАРИЈА ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

Судскиот службеник, Софија Наскова – раководител на одделот за финансиски прашања и други сродни права е определена за одговорно лице за односи со јавноста, во канцеларијата за односи со јавност.

VIII

Судскиот службеник Мурат Адиловски, виш судски референт–извршител во писарница се распоредува за вршење на работите во судската писарница поврзани со автоматската распределба и прераспределба на предметите на судиите преку АКМИС системот.

IX

**СУДСКА ПОЛИЦИЈА**

Александар Костовски – командир на судска полиција;

Елена Неделковска – припадник на судска полиција;

Симе Котевски – припадник на судска полиција;

Борче Чекичевски – припадник на судска полиција;

Хасан Џафери – припадник на судска полиција.

Распоредот за извршување на работните обврски на припадниците на судската полиција, се определува на месечно ниво.

X

Прием на странки во Судот се врши секој работен ден, со почеток од 9.00 часот до 14.30 часот.

Како ден за прием на странки кај Претседателот на судот, е определен секој вторник со почеток од 9.00 часот до 14.00 часот.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА УПРАВЕН СУД**
**m-r Burim Sejdini**